КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72 /2016 и бр.142/2016), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, на стопедесеттата седница на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ, одржана на ден 10.11.2017 година, ја донесе следната

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-950/12
10.11 2017 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

Комората на извршители на РМ ќе ги одбива барањата за издавање потврда на приправници кои не се запишани во Именикот на приправници кој го води Комората. Комората на извршители на РМ ќе ги одбива барањата за упис на приправник во Именик на приправници на КИРМ на основа на склучени договори со датум постар од 5(пет) дена од датумот на склучување на договорот помеѓу извршителот и приправникот.
По исклучок ќе се одобри барањето за упис во Именикот во Комората односно барањето за издавање на потврда за приправник кој е вработен кај извршителот на работно место со работни задачи на правни и извршни работи, а на основа на издадена потврда од извршителот, М/М2 образец и договор за работа со кој е пријавен во АВРМ.

**Комора на извршители на РМ**
Претседател на Управен одбор,
Зоран Димов

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com